Subject [redacted]
From
To
Date

До Основен Суд Кратово

Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПУ бр. 12/21
04.05. 2021 година
Кратово

# БАРАЊЕ

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку тужби се поднесени до судот во периодот од 2018-2020? Колку од подносителите биле мажи, а колку жени? Бараме податоците да ни ги доставите разделени за секоја година одделно.

2. Колку постапки се започнати во 2018, 2019 и 2020 одделно со застапување на странките со адвокат назначен

3. Во колку од поднесените тужби странките побарале ослободување од судските трошоци во периодот од 2018-2020? Колку од тие што побарале ослободување од судски трошоци биле мажи, а колку жени? Бараме податоците да ни ги доставите разделени за секоја година одделно.

4. Во колку случаи биле одобрени барања за ослободување од трошоци во периодот од 2018-2020? Колку од тие на кој им е одобрено барањето за ослободување од трошоци биле мажи, а колку жени? Бараме податоците да ни ги доставите разделени за секоја година одделно.

5. Во колку од постапките кои се водат пред судот во периодот 2018-2020 се ангажирани судски преведувачи или толкувачи? Колку од поставените преведувачи/толкувачи биле мажи, а колку жени? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.

6. Колку е просечно време за разрешување на граѓански спорови во вашиот суд?

7. Колку е просечното време од примање до разрешување на случаи на насилство врз жените?

8. Каков е соодносот на вкупниот број на предмети наспрема решени предмети за 2018, 2019и 2020 година одделно?

9. Колкав е бројот на решени наспрема ново примени случаи во 2018, 2019 и 2020 година одделно?

10. Колку приватни кривични тужби се поднесени до судот во периодот 2018 -2020? Колку од подносителите и колку од оштетените се жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.

11. Колку обинителни предлози се поднесени до судот во периодот 2018-2020? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.

12. Колку обинителни акти се поднесени до судот во периодот 2018-2020? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.

13. Колку бранители по службена должност се поставени од страна на претседателот на судот во периодот од 2018-2020? Колку од поставените адвокати биле жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.

14. Колку обвинети побарале да им се постави адвокат поради нивната имотна состојба (одбрана на сиромашни) во периодот 2018-2020? Колку од обвинетите кои побарале одбрана на сиромашни биле жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.

15. Колку од поднесените барања за одбрана на сиромашни се одобрени и на овие обвинети претседателот на судот им поставил бранител во периодот 2018-2020? Колку од поставените адвокати биле жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно

16. Во колку од постапките кои се водат пред судот се ангажирани судски преведувачи или толкувачи? Колку од поставените преведувачи/толкувачи биле жени, а колку мажи? Бараме податоците да ни ги доставите раздвоено за секоја година поединечно.

Ве молам бараните податоците да ми ги доставите на адреса

[redacted]

Срдечен поздрав,

[redacted]

Subject [redacted]
From
To
Date

Почитувани,

Во врска со вашата порака за појаснување на прашањата во продолжение ви ги доставувам бараните појаснувања:

Прашањето 1 се однесува на сите тужби примени во судот од 01.01.-31.12.2018; 2019 и 2020 година разделени по години. Тужба е поднесок со кој странките започнуваат граѓанска постапка по одредено спорно прашање, оттука потребни се вкупните бројки на примени тужби во периодите наведени погоре. Во однос на податокот колку од подносителите биле мажи, а колку жени е податок што судот го поседува и доколку рачно ги пребороите предметите ќе може да го создадете овој податок. Доколку АКМИС системот не води ваква евиденција, тоа може да го наведете во вашиот одговор.

Колку граѓански постапки се започнати со адвокат назначен од страна на министерството за правда за застапување на странките согласно законот за бесплатна правна помош?

Прашањето 3 и 4 се релевантни прашања за кои судот поседува податок и може да го создаде овој податок. Согласно ЗПП странките имаат право да бараат судот да ги ослободи од трошоците во постапката и тоа е податок што постои во секој предмет одделно. За потребите на барањето потребно е да се даде бројот на поднесени барања за ослободување и бројот на одобрени, имајќи предвид дека не сите барања судот ги одобрува. Истото се однесува и на анагажирани толкувачи во текот на судската постапка.

За прашањето 6 ве молам обезбедете податок за просечно време на разрешување на граѓанските постапки во вашиот суд во последните три години.

Колку е просечното време од примање до разрешување на случаи на насилство врз жените во последните три години?

Во однос на бројот на бранители назначени од претседателот на судот, а платени од средства од Буџетот и тоа како е релевантен податок што треба да е достапен на јавноста. Фактот што не го водите овој податок не значи и дека не е важен за согледување на состојбата со пристап до правда на граѓаните.

Да сумирам, обемот на моето барање е во рамки на вашите законски надлежности и сите барани податоци вие ги поседувате, но фактот што не ви се систематизирани не значи дека јавноста и истражувачите не треба да ги знаат. Од вас не е побарано да правите анализа, туку да ги произведете податоците кои имате обврска да ги водите, а истражувачи ќе ги анализираат дали се доволни или соодветни да ја отсликаат состојбата.

Ви посакувам убав ден,

[redacted]

[redacted]

Откако го примивме вашето барање, го разгледавме истото и го утврдивме следното:

-Во прашањето под бр.1 немате наведено за какви тужби барате податоци, за кој вид на предмети? За вториот дел од прашањето немаме можност да ви дадеме податоци колку биле мажи, а колку жени, бидејќи таква опција за пребарување во АКМИС системот не постои и истиот не разликува машки и женски пол, па поради тоа е потребно да го уредите прашањето под бр.1. А истото се однесува и за другите прашања во делот за податоци за мажи и жени.

-Прашањето под бр.2 исто така е нејасно поставено и неможеме да утврдиме што конкретно барате, кој вид на предмети, што ви значи со адвокат назначен ???? истото е потребно да го уредите
- За прашањата под бр.3 и бр.4 не можеме да ви дадеме податоци бидејќи судот нема обврска да води таква евиденција и истото не се евидентира во АКМИС системот, па потребно е и ова прашање да биде соодветно уредено.

- За прашањето под број 6 не би можеле да ви дадеме одговор бидејќи не е конкретно наведено за кој период се мисли, за кој вид на предмети, а доколку мислите на сите граѓански спорови тоа нема да може да се утврди.

- За прашањето под број 7 немате наведено за кој период барате за која година?

- Одговорот на прашањата под бр.8 и 9 може и сами да го најдете бидејќи годишните извештаи на судот се објавени на нашата веб страна www.oskratovo.mk во делот „извештаи и статистика" каде што детално по видови на предмети и вкупно по број ги имате сите податоци.
- Исто така судот не води евиденција за тоа колку бранители по службена должност се поставени, колку обвинети побарале да им се постави адвокат поради нивната имотна состојба кое што го барате во другите ваши прашања.

Поради ова сметаме дека вашето барање пред се е преобемно, неконкретно, нелогично и барате од судот да прави некакво детално истражување за вашите потреби, а целта на Законот за слободен пристап до информации не е судот да води некакви статистички операции бидејќи за тоа ниту има можност ниту пак законска обврска.

Поради ова, потребно е во рок од 3 дена да го уредите вашето барање со конкретни, разумни и логични прашања, а како би можеле да добиете соодветен одговор. Во спротивно истото ќе ви биде отфрлено.

Со почит,

Основен суд Кратово
Диме Петрушевски
Службено лице за посредување со информации

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.12/21-2
11.05.2021 година
К р а т о в о

До
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Доставување информации од јавен карактер

Во Основен суд Кратово е примено Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено по е-маил на ден 04.05.2021 година.

Во врска со Вашето барање, согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во законски предвидениот рок се постапи по истото и по извршената проверка во АКМИС системот и предметите во судот Ви ги доставуваме следните информации:

1. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година поднесени се вкупно 364 тужби, од кои во 2018 година 123 тужби од кои подносители се: мажи-65, жени-29, во 2019 година 125 тужби од кои подносители се: мажи-85, жени-15, во 2020 година 116 тужби од кои подносители се: мажи-64, жени-25.
2. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година нема започнати граѓански постапки со назначен адвокат од страна на министерство за правда за застапување на странка согласно законот за бесплатна правна помош.
3. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година нема поднесено барања за ослободување од трошоци.
4. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година нема поднесено барања за ослободување од трошоци.
5. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година нема случаи каде што се ангажирани судски преведувачи или толкувачи.
6. Просечното време на решавање на граѓанските постапки во 2018 година е 123 дена, во 2019 година е 119 дена и во 2020 година е 94 дена.
7. Просечното време на решавање на постапките со случаи на насилство врз жените во кривични постапки во 2018 година е 50 дена, во 2019 година е 90 дена и во 2020 година е 124 дена, а во грѓанските постапки во 2018 година е 7 дена, во 2019 година е 9 дена и во 2020 година е 7 дена.
8. Соодносот на вкупниот број на предмети наспрема решени предмети во 2018 година е 616 вкупно од кои решени 527, во 2019 година е 611 вкупно од кои решени 515 и во 2020 година е 720 од кои решени се 553 предмети.
9. Бројот на решени наспрема ново примени предмети во 2018 година е 527 решени наспрема 520 новопримени, во 2019 година е 515 решени наспрема 522 новопримени и во 2020 година е 553 решени наспрема 624 новопримени предмети.
10. Во Основен суд Кратово во 2018 година поднесени се вкупно 11 приватни кривични тужби од кои подносители и оштетени се 11 мажи, во 2019 година поднесени се 10 приватни кривични тужби од кои подносители и оштетени се 6 мажи и 4 жени и во 2020 година вкупно 10 од кои подносители и оштетени се 7 мажи и 3 жени.

11. Во Основен суд Кратово во 2018 година поднесени се 18 обвинителни предлози, во 2019 година поднесени се 15 обвинителни предлози и во 2020 година поднесени се 21 обвинителни предлози.

12. Во Основен суд Кратово во периодот 2018-2020 година нема поднесено обвинителни акти имајќи ја во предвид надлежноста како суд со основна надлежност.

13. Во периодот 2018-2020 година од страна на Претседателот на судот поставени се во 2018 2-два адвокати по сужбена должност кои се жени, во 2019 година поставени се 2-два адвокати по сужбена должност кои се жени и во 2020 година поставени се четири-4 адвокати по сужбена должност кои се мажи.

14. Нема обвинети кои побарале да им се постави адвокат поради нивната имотна состојба (одбрана на сиромашни)во периодот 2018-2020 година.

15. Во Основен суд Кратово нема поднесено барања за одбрана на сиромашни во периодот 2018-2020 година.

16. Во постапките кои се водат пред судот нема ангажирано судски преведувачи или толкувачи.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски

Претседател на судот,
Судија,
Мирослав Георгиевски